Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08 - 26/4
16.01. 2026 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ.”бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/2024) и член 17 од Статутот на Општина Градско (“Службен гласник на Општина Градско” бр.02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Советот на Општина Градско на 7-та седница одржана на 16.01.2025 година го усвои следниот:

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Градско за 2025 година**

Во Општина Градско, согласно Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Градско за 2025 година се реализирани неколку проекти и спроведени се тековни активности за одржување на локалната патна и улична мрежа. Реализацијата на програмата директно зависи пред сè од приливот на средства во Буџетот за оваа намена кој во 2025 година изнесуваше вкупно 1.810.091,00 денари и тоа се прилив од ЈП за државни патишта.

Имајќи го предвид скромниот износ на средства во Буџетот на општината за оваа намена во 2025 година, беа релизирани поголемиот дел од проектите кој беа планирани со Програмата за изградба реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици за 2025 година.

Во Општина Градско во 2025 година се релизираа следните проекти:

1. **Реконструкција на дел од улица 8-ми Септември во Градско**

Фаза 1. Асфалтирање на дел од улица 8-ми Септември во должина од 440м.

Фаза 3. Асфалтирање на дел од улица 8-ми Септември во должина од 140м. Изведувач на работите беше Стентон Градба ДОО Битола. Вкупната вредноста на проектот за фаза 1 и фаза 3 изнесува 6.960.764,00 денари. Средствата беа обезбедени од Светска Банка преку Министерството за транспорт.

Фаза 2. Асфалтирање на дел од улица 8-ми Септември во должина 640м. Изведувач на работите беше ДПТУ ОСД Кирил ДООЕЛ Штип. Вредноста на проектот изнесува 11.317.416,44 денари. Средствата беа обезбедени со кофинансирање и тоа Општина Градско учествуваше со 2.568.917,55 денари а другиот дел од 8.748.498,00 беа обезбедени од Министерството за транспорт .

2. **Реконструкција на улица Јане Сандански во Градско**

- Асфалтирање на крак од улица Јане Сандански, населба стопанство во должина од 195м. Овој крак е дел од реконструкцијата на крак 1. Изведувач на работите беше ДПТУ ОСД Кирил ДООЕЛ Штип.

- Асфалтирање на главниот крак 3 од улица Јане Сандански, населба стопанство во должина од 258м. Изведувач на работите беше Емпакс Интертранс Зелениково. Вкупната вредност на проектот изнесува 1.534.186,00 денари Средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Градско и кофинансирање од страна на Институтот за истражување и анализа на политики Ромалитико Скопје во износ од 40%проценти односно 580.581,00 ден. врз основа на фактури за набавка на материјали.

3. **Реконструкција на улица во с. Ногаевци и с. Виничани**

- Асфалтирање на крак од улица во с. Ногаевци и асфалтирање на крак 14 во с. Виничани со вкупна должина од 155 метри. . Вредноста на проектот изнесува 1.331.795,20 денари. Изведувач на работите беше Емпакс Интертранс Зелениково. Средствата беа обезбедени од Министерството за локална самоуправа – биро за регионален развој.

4. **Реконструкција на улици во с. Виничани**

- Асфалтирање на крак 7 во с. Виничани во должина од 194 метри. Изведувач на работите беше Емпакс Интертранс Зелениково. Вредноста на проектот изнесува 1.606.876,80 денари. Средствата беа обезбедени од Министерството за локална самоуправа.

- Асфалтирање на крак 12 во с. Виничани во должина од 150 метри. Овој крак е дел од реконструкцијата на локален пат Виничани – Регионален пат П1.102 Изведувач на работите беше ДПТУ ОСД Кирил ДООЕЛ Штип. Средствата беа обезбедени од светска банка преку Министерството за транспорт.

5. **Реконструкција на улици во с. Водоврати**

- Асфалтирање на улица во с. Водоврати крак КП 1979 во должина од 220 метри. Изведувач на работите беше Емпакс Интертранс Зелениково. Вредноста на проектот изнесува 1.431.796,95 денари. Средствата беа обезбедени од буџетот на Општина Градско.

6. **Поплочување на улица во с Уланци**

Во с. Уланци се изврши поплочување на улица во должина од 220 метри. Изведувач на работите беше ЈКП Клепа Градско Средствата беа обезбедени од Буџетот на општина Градско.

7. **Поплочување на улица во с Ногаевци**

Во с. Уланци се изврши поплочување на улица во должина од 100 метри. Изведувач на работите беше ЈКП Клепа Градско Средствата беа обезбедени од Буџетот на општина Градско.

8. **Тековни активности за одржување на локалната патна и улична мрежа во општина Градско.**

За тековно одржување на патиштата и улиците (крпење на дупки, тампонирање,чистење на пропусти и сл.), потрошени се средства во износ од 554.899,00 денари, средства се обезбедени од Буџетот на општина Градско.

Се надеваме дека соработката на Општина Градско во оваа 2025 година со Јавното претпријатие за државни патишта ќе продолжи како и до сега, а ние како општина во соработка со сите чинители ќе обезбедиме повеќе финансиски средства за изградба на локални патишта, улици и мостови на територијата на Општина Градско, како и редовно тековно одржување.

Совет на Општина Градско
Претседател

Драгана Данева